# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА" ОД Д-Р ДЕСПИНА СИВЕВСКА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1602-161/23 од 124. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 20.9.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Алма Тасевска, вонреден професор, Филозофски факултет, Институт по педагогија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје;
- проф. д-р Соња Петровска, редовен професор, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за практикум „МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА" од доцент д-р Деспина Сивевска, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Општи податоци за ракописот: Учебното помагало - практикум со наслов „Методика на воспитно-образовната работа по запознавање на околината" од доц. д-р Деспина Сивевска е концепиран и пишуван според наставниот план и програма, за реализација на наставата (вежби) по наставните предмети: Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 1 и Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 2 и Методика на запознавање на околината 1 и Методика на запознавање на окилината 2, кои се изучуваат на студиите од прв циклус на додипломска настава на Факултетот за образовни науки. Предметите се изучуваат на студиските програми по предучилишно воспитување, согласно со Наставната програма од 2011/2012, 2012/2013 во четврта година, VII семестар, како Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 1 (3+2+2) и во VIII семестар како Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 2 (2+2+1) и Наставната програма од 2017/2018 год. во четврта година, VII семестар како Методика на запознавање на околината 1 (2+2+1) и во VIII семестар како Методика на запознавање на околината 2 (1+1+2*+1) на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Практикумот е во согласност со наставната програма и се однесува за реализација на вежбите по претходно наведените наставни предмети.

Податоци за обемот ракописот: Ракописот кој е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Практикумот е напишан на лесен и разбирлив јазик, а елаборираниот материјал е соодветен со наставната програма по предметот Методика по запознавање на околината 1 и 2 на Факултетот за образовни науки. Ракописот е напишан на стандарден македонски јазик, на А4 формат со прород: единечен (single spacing), фонт Arial, со македонска поддршка и големина на буквите 11, regular.

Содржината на практикумот ја следи концепцијата на е-скриптата „Методика на воспитно-образовната работа по запознавање на околината“ и заедно со него сочинува една целина.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Според нашите сознанија, практикум или друго учебно помагало што обработува иста содржина досега не е објавен на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Цениме дека материјалот обработен во практикумот се одликува со оригиналност, јасност, концизност и голема практична значајност. Сметаме дека истиот е значаен не само за студентите, туку и за воспитувачите и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

Краток опис на содржината: При составувањето на практикумот, авторката имала за цел да вклучи содржини кои се од особена важност во подготвувањето на идните наставници и воспитувачи од областа на методиката на воспитно-образовната работа по запознавање на околината.

Ракописот е структуриран во дванаесет тематски целини кои ја следат структурата на предметната програма. Тематските целини се распоредени на 75 страници и истите се во согласност со наставната програма по предметите Методика на запознавање на околината 1 и Методика на запознавање на околината 2. Во рамките на секоја целина се подготвени соодветен број на вежби согласно со природата на разработената материја. Сите тематски целини опфатени во овој ракопис во целост ја заокружуваат предвидената наставна програма по предметите Методика на запознавање на околината 1 и Методика на запознавање на околината 2, па оттука и соодветноста овој ракопис да може да се користи како учебно помагало по предметите: Методика на запознавање на околината 1 и Методика на запознавање на околината 2.

**Практикумот ги содржи следните тематски целини:**

- Поим, предмет и задачи на методиката на воспитно-образовната работа по запознавање на околината;
- Историски развој на идеите за предучилишното воспитание на децата и за воспитно-образовното подрачје по природа и општество;
- Врската на методиката на воспитно-образовното подрачје по природа и општество со другите науки;
- Корелација на воспитно-образовното подрачје по природа и општество со другите воспитно-образовни подрачја;
- Избор и распоред на содржините по воспитно-образовната работа по природа и општество;
- Структура и карактеристики на програма за воспитно-образовната работа во детската градинка;
- Јавна и културна дејност на градинката;
- Форми на работа со децата од предучилишна возраст;
- Методи на воспитно-образовната работа по природа и општество;
- Објекти за изведување на воспитно-образовната работа по природа и општество;
- Планирање и видови планирање на воспитно-образовната работа по природа и општество;
- Прилози.

Работните материјали се педагошки и дидактички одлично дизајнирани и нудат можност за активна партиципација на студентите за време на вежбите, компатибилни се со барањата за современа настава (кооперативно учење, развој на повисоки нивоа на размислување, критичко мислење, решавање на проблеми, проекти) и налагаат интензивна соработка со училиштата и детските установи.

## ЗАКЛУЧОК

Од досега изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Алма Тасевска и проф. д-р Соња Петровска констатира дека ракописот за учебното помагало практикум „Методика на воспитно-образовната работа по запознавање на околината“ од доц. д-р Деспина Сивевска е пишуван наменски и по одредена програмска шема.

Содржините кои се разработени во приложениот ракопис во целост ги задоволуваат содржинските, дидактичко-методичките критериуми за учебно помагало/практикум и се во согласност со Наставниот план и содржините на предметите: Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 1 и Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 2 и Методика на запознавање на околината 1 и Методика на запознавање на околината 2, што ги изучуваат студентите од студиската програма по предучилишно воспитување на Факултетот за образовани науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Поставеноста на задачите во практикумот не се само во насока на усвојување и утврдување на знаењата, туку истовремно им овозможуваат на студентите да се оспособат за самостојна работа, критичко мислење и истражување.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало/практикум и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

Рецензентската комисија предлага ракописот за практикум „Методика на воспитно-образовната работа по запознавање на околината“ од доц. д-р Деспина Сивевска да биде печатен како учебно помагало/практикум за потребите на студентите од студиската програма Предучилишно воспитување на Факултетот за образовни науки на прв циклус додипломски студии на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Рецензенти**

**Д-р Алма Тасевска, вонреден професор, с.р.**

**Д-р Соња Петровска, редовен професор, с.р.**